**КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

## 1. Вовед

Карате федерацијата на Македонија ја започна 2017 година за првпат со статус на олимписки спорт и како најдобра спортска организација за 2016 година, официјално прогласена на Изборот на најдобрите спортисти во кој гласаат Националните спортски федерации, спортските медиуми и Советот за спорт во Агенцијата за млади и спорт. Сето тоа претставуваше големо признание за успешната работа на организациски план, но и за постигнатите резултати и богатата активност во која беа исполнети сите планирани задачи. Тоа беше мотив повеќе да продолжиме со уште посилно темпо, кое го наметнуваше и Светската карате федерација со најавата за построги критериуми во процесот за обезбедување квалификациски норми за Олимписките игри.











***Карате федерација на Македонија, најуспешна спортска организација во 2016 година***

## *Европско првенство во Коџаели*

Анализирајќи ја 2017 година, со сите реализирани активности КФМ продолжи со нагорната линија на врвни спортски резултати и беше уште попродуктивна и поуспешна од претходната година. На најзначајното натпреварување имавме најдобри остварувања, на Европското првенство во Коџаели сребрениот медал го освои Берат Јакупи а бронзениот Јована Георгиева, кои беа први освојувачи на сениорски медали по влегувањето на каратето на програмата на Олимписките игри во Токио. Заедно со пласманите на 5 место на Сара Радичевска и на Пулексенија Јованоска, како и двете 7 места на Жарко Арсовски и на Димитар Илиевски, тоа е досега најквалитетниот настап на европските првенства на нашите каратисти.






***Моменти од финалните борби на Берат Јакупи и Јована Георгиева***







***Момент на прогласувањето***

Берат Јакупи на пиедесталот Јована Георгиева на пиедесталот

**Европско првенство во Софија и Светско првенство за кадети, јуниори и помлади сениори во Тенерифе**

Претходно медал за помлади сениори освои и Петар Заборски на Европското превенство во Софија, а Марио Свинарски имаше пласман на 5 место за кадети, категорија која е значајна за борба за настап на Младинските олимписки игри кои ќе се одржат во тековната година во Буенос Аирес.






***Петар Заборски на пиедесталот и заедничка слика со претседателот на Македонскиот олимписки комитет, д-р Васил Тупурковски***




*Делегација на КФМ во Тенерифе*

Со оглед на големиот број учесници од земјава, и покрај овие резултати не можеме да бидеме задоволни од постигнатото. Слично беше и на светското првенство во Тенерифе во истите возрасни категории во кои имавме два пласмана на 5 место, Марио Свинарски во борби кај кадетите и машкиот ката тим во кадетско јуниорска конкуренција. Имавме уште неколку добри настапи на наши натпреварувачи меѓу 2-4 победи, што сепак беше под високите очекувања кои ги имавме пред заминувањето на ова натпреварување. На овие 2 натпревари дел од каратистите беа дебитанти на големи настани, други пак беа со претходни настапи и резултати, но за сите нив тоа е само дел од процесот на создавање на квалитетни натпреварувачи сениори чии резултати се вреднуваат најмногу, како и во сите други спортови.

**Презентација на КФМ на Светски и Европски првенства**

На сите најзначајни натпреварувања, пред се на светските и европски првенства Карате федерацијата на Македонија е достојно презентирана со делегација која ја претставуваат шеф на делегацијата, делегат и сите официјални лица кои се претходно изгласани од страна на Извршниот одбор. Во меѓувреме хиерархијата во европското карате останува истата која се избори за историскиот исчекор, каратето да стане олимписки спорт. Покрај сите промени кои редовно ги прави Светската карате федерација во интерес на унапредување на каратето во овој олимписки циклус, на Конгресот на Европската карате федерација во Коџаели, претседателот Антонио Еспинос едногласно беше реизбран да ја води европската федерација и во наредните 6 години, слично како што претходно во Бремен 2014 година беше реизбран да ја води и светската федерација. Имајќи ги предвид нашите одлични релации со водечките личности во каратето во светот, Карате федерацијата на Македонија со поддршката која му ја дава на претседателот Еспинос, само ги зацврстува своите позиции и на тој план.









***Поддршка од страна на КФМ во глобалната политика и стратегија на WKF***

**Балкански првенства во Чачак, Истанбул и Херцег Нови**

Продолживме во континуитет со добри резултати и на балканските првенства во сите конкуренции кое веќе неколку години е критериумско за настап во репрезентацијата во сениорското европско првенство и кај кадети, јуниори и категоријата У21.






Како што стои и во завршните билтени во секое од овие натпреварувања, според постигнатите резултати и презентирањето на својата федерација,Македонија потврди дека

е при врвот меѓу земјите во регионот, а тоа особено беше видливо на последното првенство во Херцег Нови. Таму имавме и добро подготвени натпреварувачи а и голем број на судии кои придонесоа за што поквалитетно и порамноправно судење за сите учесници.



***Делегација на КФМ на балканските првенства одржани во 2017 година***

**Викенд подготовки, базични и завршни подготовки и судиски дел**

Во неколку викенди пред настапите на европското а потоа и за светското првенство имавме заеднички подготовки на кандидатите за репрезентацијата, кои се изборија во своите категории преку критериумските натпревари. Во летниот период за првпат беа организирани базични подготовки во два дела во Маврово и во Дојран, како и завршни неколкудневни подготовки пред настапите на европското сениорско и светското првенство за помлади категории. На сите клубови, особено тие со свои репрезентативци им беше обезбедена и работа со кондиционен тренер, како и соработка со врвни странски тренери за борби, Никулин од Украина и Мацкова и Давутоглу за кати, обезбедени од страна на Карате федерацијата на Македонија.  Треба да се потенцира и предавањата кои ги одржуват професорите од Факултетот за физичко образование спорт и здравје, редовните прегледи на Институтот за физиологија, предавањата за здравствена заштита на

спортистите со посебен акцент на анти допинг, при што што секоја година имаме по неколку тестирања на нашите спортисти.

Во делот на судиите, како и секоја година имавме унапредување на нашите врвни меѓународни судии. Во Тенерифе Боби Којдиновски, Игор Лазарев и Нуредин Мисини ги потврдија светските лиценци. Во моментов Македонија има 7 светски лиценци и 14 европски а од последното балканско првенство уште 7 балкански судии.

**Соработка и поддршка од Агенцијата за млади и спорт**

Продолжи одличната соработка со Агенцијата за млади и спорт, која без оглед на политичките промени кои донесоа нови кадровски решенија во менаџирањето, уште поцврсто застана зад програмата на Карате федерацијата на Македонија, што најдобро го почувствуваа самите натпреварувачи и клубови. Во финансиска смисла имавме досега најголема поддршка од агенцијата и секако од сопствени средства, каде што најголем дел од трошоците за европските првенства во Софија за помлади категории, европското во Коџаели за сениори и светското првенство во Тенерифе за кадети јуниори и У21 беа целосно покриени. Спортистите беа помогнати финансиски и на Премиер лигите во Ротердам, Лајпциг и на Серија А во Истанбул и Салцбург, а и на Балканските првенства во рамките на можностите и усвоените критериуми. Сето тоа беше значајно и резултира 11 наши натпреварувачи да бидат меѓу топ 50 во своите категории на светската листа, што според новите пропозиции за учество на Премиер лигите е основен услов за настап на секој спортист.





***Стандардна процедура, прес и прием во АМС при секој голем настан на КФМ***

**Соработка со МОК и олимписки кандидати за Токио 2020**

Интензивирана беше и соработката со Македонскиот олимписки комитет, кој финансиски ни помогна и во подготовките за Европското сениорско првенство, но и во истакнувањето на каратето како главен приоритет за олимписките игри во Токио, со шанси да се оствари норма. Пред крајот на годината, најголемото признание дојде токму со потпишувањето на 4 олимписки стипендии за Токио 2020 со нашите спортисти Емил Павлов, Берат Јакупи, Наташа Стефановска и Пулексенија Јованоска кои ќе бидат финансиски поддржани од МОК преку фондот за олимписка солидарност, истовремено ќе бидат и под надзор за спроведување на зацртаната програма во следните три години. Добивањето на 4 стипендии од вкупно 12 во сите олимписки спортови е огромно признание за каратето, но и обврска за оправдување на укажаната чест и доверба.






***Историско потпишување на олимписките стипендии со претседателот на МОК Васил Тупурковски и претседателот на КФМ Драган Стојановски за Токио 2020***

## Избор на спортист на Македонија

Конечно, на традиционалниот Избор на спортист за 2017 година имавме кандидати речиси во сите категории, а нашите претставници освоија 4 позлатени статуетки, Јована Георгиева за спортистка на годината, Симона Симовска за млада спортистка, Петар Заборски за млад спортист и женскиот универзитетски тим во борби. Реално според постигнатиот резултат и Берат Јакупи требаше да добие спортист на годината, што сигурно ќе значеше уште еднаш КФМ да биде и најдобра федерација, но од разни причини ракометот ги доби тие награди. Кај категоријата сениори се повторува истото што им се случи и на Жарко Арсовски 2010 година, на Емил Павлов 2014 година и на Мартин Несторовски 2015 година, кои иако имаа најдобри резултати не беа добитници на признанието спортист на Македонија. За ова треба да се знае дека има повеќе фактори а пред се дека тука гласаат 22 национални спортски федерации, 12 медиуми и членовите на Советот за спорт. Но, она што е најзначајно е дека Карате федерацијата заедно со Ракометната федерација последните неколку години е убедливо пред сите други спортски организации во Македонија, статус кој се гради во континуитет и е за почит и во спортските институции, во државните, во медиумите и во јавноста.




***Прогласување на најдобрите спортисти за 2017 година***

**Златен јубилеј 50 години карате во Република Македонија**

Изминатата 2017 година ја завршивме со големата прослава на Златниот јубилеј 50 години карате во Македонија, најпрвин со свечена академија на која покрај поранешните претседатели на КФМ, претставници од нашите клубови, поранешни и актуелни карате работници, спортисти и други гости, беа и директорот на АМС Дарко Каевски и претседателот на МОК Васил Тупурковски. Беше присутна и амбасадорката на Јапонија Кеико Ханеда, а што е од особено значење претседателите на 8 земји од балканскиот регион, чии спортисти настапија на турнирот Трофеј на Македонија. Меѓу нив секако еден од највисоките функционери во меѓународното карате Стјепан Челан, генерален секретар на Европската карате федерација и член на ИЗвршниот комитет и на Светската и на Европската карате федерација. Тука беше и Славољуб Пипер, генерален секретар на Карате федерацијата на Балканот и член на Извршниот комитет на Европската карате федерација, како и Алексеј Петров, првиот претседател на Карате федерацијата на Балканот. Од сите нив добивме најголеми пофалби и плакети во име на Светската карате федерација и на Карате федерацијата на Балканот, за сето она што се прави во последните неколку години во меѓународното карате, а за што значаен фактор е Карате федерацијата на Македонија, која се наметна како една сериозна организација препознатлива во највисоките кругови во каратето на светско ниво. Тука треба да се потенцира дека на свечената вечера присуствуваше и претседателот на светската судиска комисија Хавиер Ескаланте, а неколку дена подоцна во еднодневна посета на КФМ беше и претседателот на Турската карате федерација, Есат Делихасан кој е член на Извршниот комитет на Светската карате федерација и на Европската карате федерација.













***Свечената академија и признанијата по повод 50 години карате во Македонија***

**Карате турнир „Трофеј на Македонија“**

Самиот карате турнир Трофеј на Македонија беше организиран на највисоко можно ниво, главно со судии од светска и европска лиценца предводени од врховниот судија Примож Дебенак, со видео челинџ што е својствено за финалните натпревар на европските и светските сениорски првенства. Целиот настан, вклучувајќи ги свечената академија и карате турнирот Трофеј на Македонија се пренесуваше во живо на олимпискиот канал на МОК, што е од исклучително значење. Малата спортска сала „Борис Трајковски“ беше украсена во знакот на 50 годишниот јубилеј на каратето во Македонија, од што беа импресионирани и гостите, но и претставниците на медиумите. Покрај исполнетата трибина имавме и специјални гости, меѓу кои спортистот на минатиот век борачот Шабан Трстена, неговиот долгогодишен селектор и тренер на векот Насе Насев, како и Живко Дуковски, човекот кој во 1969 година е основач на боксеркиот Златен гонг. Нивното присуство беше значајно и како легендарни спортски работници, но и поради можноста да се уверат во квалитетот на нашите каратисти и нивото на организација која ја имаме за разлика од спортовите од кои доаѓаат, а некогаш беа лидери во земјата. Пехарот кој

симболизира 50 години карате во Република Македонија со посебна одлука на сите претседатели на земјите присутни на турнирот симболично му припадна на домаќинот, во знак на благодарност за заслугите на сите кои придонесле за развојот, популаризацијата и успесите на каратето во изминатите пет денцени. На резултатски план иако се работеше за ревијален турнир имавме врвна презентација и пред јавноста и пред медиумите, во која нашите натпреварувачи беа убедливо најдобри пред своите конкуренти, кои го потврдија својот квалитет и заслужено освојување на трофејот. Од аспект на промоција на каратето во Македонија и зацврстување на ионака одличните релации со другите земји од регионот, ќе се потрудиме овој турнир да биде традиционален и препознатлив бренд, како што каратето стана бренд меѓу другите спортови во државата.















***Карате турнир Трофеј на Македонија по повод 50 години карате во Македонија***

**Активности во 2018 година**

Во кратки црти, ги реализиравме сите планирани активности а со уште позасилено темпо продолжуваме во 2018 година. Во неа имаме два големи настана за сениорите, Европското првенство во Нови Сад и Светското првенство во Мадрид. Во меѓувреме и седум Премиер лиги кои се важни за одржување во Топ 50 натпреварувачи, што е приоритет кај сениорите. Кај помладите категории имаме Европско првенство во Сочи за кадети јуниори и У21, а за неколку наши најдобри кои се во возрасна категорија меѓу 16 и 18 години Младинската лига во Софија и Светскиот куп во Умаг, кои се квалификации за младинските олимписки игри. Покрај нив, според календарот се планирани настапи на трите балкански превенства во сите возрасни категории, викенд подготовки, базични и завршни подготовки пред големите натпреварувања. Сите тие и другите планирани активности ќе бидат помогнати во рамките на можностите на КФМ, пред се од средствата кои се планирани од Агенцијата за млади и спорт, делумно и од Македонскиот олимписки комитет.















***Дел од главните цели во програмата за 2018 година***

# 1. Трофеј на МАКЕДОНИЈА – 50 години карате во Македонија

**Скопје, 16.12.2017**

## Пријави по држави

| Држава | Пријави |
|---|---|
| ALBANIA (ALB) / Albania(Albania) | 3 |
| BOSNIA AND HERZEGOVINA (BIH) / Bosna i Hercegovina(Bosna i Hercegovina) | 5 |
| BULGARIA (BUL) / Bulgaria(Bulgaria) | 6 |
| CROATIA (CRO) / Hrvatska(Hrvatska) | 12 |
| KOSOVO, REPUBLIC OF (RKS) / Kosovo(Kosovo) | 10 |
| MACEDONIA (MKD) / Македонија(Македонија) | 18 |
| MONTENEGRO (MNE) / Crna Gora(Crna Gora) | 7 |
| SERBIA (SRB) / Srbija(Srbija) | 12 |

## Пријави по категории

| Категорија | Пријава | Држава |
|---|---|---|
| Ката сениори женски | 3 | 3 |
| Ката сениори машки | 4 | 4 |
| Кумите сениори женски -50 кг. | 3 | 3 |
| Кумите сениори женски -55 кг. | 6 | 5 |
| Кумите сениори женски -61 кг. | 7 | 5 |
| Кумите сениори женски -68 кг. | 5 | 5 |
| Кумите сениори женски 68+ кг. | 6 | 6 |
| Кумите сениори машки -60 кг. | 7 | 6 |
| Кумите сениори машки -67 кг. | 8 | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| Кумите сениори машки -75 кг. | 9 | 8 |
| Кумите сениори машки -84 кг. | 9 | 8 |
| Кумите сениори машки 84+ кг. | 6 | 5 |

# Пласмани по држави

| Б.р | Држава | 1. Место | 2. Место | 3. Место |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонија, MKD | 6 | 2 | 7 |
| 2 | Crna Gora, MNE | 4 | 0 | 1 |
| 3 | Kosovo, RKS | 1 | 1 | 4 |
| 4 | Bosna i Hercegovina, BIH | 1 | 1 | 0 |
| 5 | Hrvatska, CRO | 0 | 4 | 5 |
| 6 | Srbija, SRB | 0 | 4 | 4 |
| 7 | Bulgaria, BUL | 0 | 0 | 1 |

# Официјални резултати

| Ката сениори женски | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јованоска Пулексенија | Македонија | | MACEDONIA |
| 2 | Mladezhic Bojana | Srbija | | SERBIA |
| 3 | Jukic Nika | Hrvatska | | CROATIA |

| Ката сениори машки | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Исиќ Ферри | Македонија | | MACEDONIA |
| 2 | Todorovic Djordje | Srbija | | SERBIA |
| 3 | Bonev Bogdan | Bulgaria | | BULGARIA |
| 3 | Stolar Tomislav | Hrvatska | | CROATIA |

| Кумите сениори женски -50 кг. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Радичевска Сара | Македонија | | MACEDONIA |
| 2 | Berulec Monika | Hrvatska | | CROATIA |
| 3 | Luchic Suzana | Srbija | | SERBIA |

| Кумите сениори женски -55 кг. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Drashkovic Ana | Crna Gora | | MONTENEGRO |
| 2 | Siddiqui Sara | Hrvatska | | CROATIA |
| 3 | Георгиева Јована | Македонија | | MACEDONIA |
| 3 | Заборска Симона | Македонија | | MACEDONIA |

| Кумите сениори женски -61 кг. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Rajovic Ksenija | Crna Gora | | MONTENEGRO |
| 2 | Стефановска Наташа | Македонија | | MACEDONIA |
| 3 | Kolgeci Elona | Kosovo | | KOSOVO, REPUBLIC OF |
| 3 | Vulinovic Jovana | Srbija | | SERBIA |

| Кумите сениори женски -68 кг. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Rakovic Marina | Crna Gora | | MONTENEGRO |
| 2 | Lehman_Pavasovic Katarina | Hrvatska | | CROATIA |
| 3 | Radichevic Marina | Srbija | | SERBIA |
| 3 | Стефановска Моника | Македонија | | MACEDONIA |

| Кумите сениори женски 68+ кг. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Konjevic Dragana | Crna Gora | | MONTENEGRO |
| 2 | Vicovac Andriana | Srbija | | SERBIA |
| 3 | Тодорова Драгана | Македонија | | MACEDONIA |
| 3 | Orana Fortesa | Kosovo | | KOSOVO, REPUBLIC OF |

| Кумите сениори машки -60 кг. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Павлов Емил | Македонија | | MACEDONIA |
| 2 | Arifi Orges | Kosovo | | KOSOVO, REPUBLIC OF |
| 3 | Bajrami Bajram | Kosovo | | KOSOVO, REPUBLIC OF |
| 3 | Novak Filip | Hrvatska | | CROATIA |

| Кумите сениори машки -67 кг. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Илиевски Димитар | Македонија | | MACEDONIA |
| 2 | Povrzhenic Dino | Hrvatska | | CROATIA |
| 3 | Келебиќ Ненад | Македонија | | MACEDONIA |
| 3 | Joksic Stefan | Srbija | | SERBIA |

| Кумите сениори машки -75 кг. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Shabani Elhami | Kosovo | | KOSOVO, REPUBLIC OF |
| 2 | Заборски Петар | Македонија | | MACEDONIA |
| 3 | Garibovic Enes | Hrvatska | | CROATIA |
| 3 | Malovic Nikola | Crna Gora | | MONTENEGRO |

## Кумите сениори машки -84 кг.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јакупи Берат | Македонија | | MACEDONIA |
| 2 | Muhovic Meris | Bosna i Hercegovina | | BOSNIA AND HERZEGOVINA |
| 3 | Kanjir Eugen | Hrvatska | | CROATIA |
| 3 | Haziri Durim | Kosovo | | KOSOVO, REPUBLIC OF |

## Кумите сениори машки 84+ кг.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Chongo Anes | Bosna i Hercegovina | | BOSNIA AND HERZEGOVINA |
| 2 | Cvrkota Dejan | Srbija | | SERBIA |
| 3 | Арсовски Жарко | Македонија | | MACEDONIA |
| 3 | Несторовски Мартин | Македонија | | MACEDONIA |

**1. ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ – Сервисно сметководство**
**КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Период 01.01-31.12.2017 година**

ПРИХОДИ
=========

1.Пренесен вишок на приходи од претходна година 103.275.00
2.Трансвер на средства од АМС-реализација на програма 6.620.000.00
- функција на федерацијата 650.000,00
- БП сениори Чачак 200.000,00
- премиер лига Ротердам 200.000,00
- стрична работа-тренери 200.000,00
- СП Тенерифе-кад,јуниори,У 21 200.000,00
- национална програма на клубови 550.000,00
- натпревар-Трофеј Македонија опен 350.000,00
- ЕП Софија и ЕП Турција 600.000,00
- Меѓународна програма 2.900.000,00
- национален систем на натпревари 600.000,00
- средства за котизација 70.000,00
- средства за членарина 100.000,00
3.Трансвер на средства од АМС за награди 550.502,00
-награда Заборски /бруто/ 61.962,00
-награда Хусеини /бруто/ 154.904,00
-награда Патраклиев /бруто/ 47.662,00
-награда Богдановски /бруто/ 47.662,00
-награда Белистојаноски /бруто/ 119.156,00
-награда Арсовски /бруто/ 119.156,00
4. Приходи од уплатени регистрации и котизации 551.400,00
5. Приходи од уплатена годишна членарина 568.000,00
6. Приходи од уплата за судиско-тренерски семинар 256.800,00
7. Приходи од уплати за државни првенства 422.100,00
8. Приходи од уплатени донации 830.000,00
9. Приходи од МОК 561.029,00
10.Приходи од уплатени казни 2.800,00
11.Приходи од камата 92,00
=====================================================

Вкупен приход 10.465.998,00

РАСХОДИ
==========

1. Расходи за набавен канцелариски материјал 19.759,00
2. ПТТ расходи и телефонски услуги 45.654,00
3. Расходи-потршена електрична енергија 7.500,00
4. Расходи за печатење и копирање на маријали 7.609,00
5. Расходи за функција на федерацијата 57,910,00
6. Расходи за прогласување на најдобар спортист 32.155,00
7. Расходи за Годишно Собрание 50.700,00
8. Расходи за тренерско судиски семинар 171.675,00
9. Расходи за реализација на државни натпревари 1.243.811,00
   - државно сениори 165.184,00
   - државно деца од 11-14 г 343.917,00
   - изборен турнир кадети, јуниори, У 21 177.582,00
   - државно кадети, јуниори, У 21 321.444,00
   - турнир плеј оф 235.684,00

10.Расходи - полагање за европски судии 92.530,00
11.Расходи - полагање за светски судии 44.792,00
12.Расходи - премиер лига-Лајпциг /сениори/ 212.660,00
13.Расходи - премиер лига –Ротердам /сениори/ 196.354,00
14.Расходи - премиер лига Истанбул /сениори/ 89.280,00
15.Расходи - премиер лига Салзбург-К1 136.400,00
16.Расходи за ЕП во Софија /кадети, јуниори, У 21/ 331.940,00
17.Расходи за ЕП во Турција-Коџаели-сениори 411.691,00
18.Расходи БП-Истанбул-деца 11-14 год 122.866,00
19.Расходи БП –Чачак /сениори / 195.914,00
20.Расходи БП-Херцег Нови /кадети, јуниори, У 21/ 1.197.658,00
21.Расходи-меѓународен турнир –трофеј Макединија Опен 677.593.00
22.Расходи-трансвер за стручна работа-тренери 200.000,00
23.Расходи-трансвер за награди за постигнати резултати 550.502,00 -
награда Заборски /бруто/ 61.962,00
   - награда Хусеини /бруто/ 154.904,00
   - награда Патраклиев /бруто/ 47.662,00
   - награда Богдановски /бруто/ 47.662,00
   - награда Белистојаноски /бруто/ 119.156,00
   - награда Арсовски /бруто/ 119.156,00

24.Расходи за Светско првенство-Тенерифе /кадети, јуниори, У-21/ 2.589.643,00
25.Расходи-трансфер за национална програма
на клубови/Решение од АМС/ 550.000,00
   - ККФати 27.500,00
   - СРКРонин 66.000,00
   - ККГладијатор 82.500,00
   - ККМеталург 99.000,00
   - ККМакпетрол 121.000,00
   - ККОлимпик 154.000,00

26.Расходи за подготовки на репрезентации 522.255,00
27.Расходи за анти-допинг контроли 85.000,00
28.Расходи за бруто плата-вработено лице 347.911,00

29.Расходи-платена членарина во Европска карате федерација 55.395,00
30.Расходи-платена членарина Светска карате асоцијација 86.161,00
31.Расходи-банкарска провизија 54.812,00
32. Расходи-негативна курсна разлика 2.387,00
33. Расходи за Централен регистер-завршна сметка 2016 г. 2.100,00
34.Расходи за платен данок по завршна смека 2016 г. 8.170,00
===========================================================
Вкупен расход 10.400.787,00

Р е к а п и т у л а ц и ј а

1.Вкупен приход 10.465.998,00
2.Вкупен расход 10.400.787,00
===================================
Пренос за 2018 г 65.211,00

Скопје, Сервисно сметководство
09.01.2018 год Раководител Светлана Вуксановиќ

ФИНАНСОВ ПЛАН
НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
01.01.2018 - 31.12.2018 год.

ПЛАНИРАНИ И ОЧЕКУВАНИ ПРИХОДИ:
============

| | |
|---|---|
| 1. Пренесен вишок на приходи од предходна година | 65.211,00 |
| 2. Трансфери од Агенција за млади и спорт | ................. |
| I. Средства за меѓународна програма | ................. |
| II. Средства за функционирање на национален систем | ................. |
| III. Средства за стручна работа | ………… |
| 3. Приходи од МОК | ................. |
| 4.Приходи од спонзорства | ................. |
| 5. Приходи од уплати за регистрација и котизација | 973.500,00 |
| 6. Приходи од уплатени членарини | 580.000,00 |
| 7. Приходи од уплати за тренерски семинар-лиценци | 257.000,00 |
| 8. Приходи од уплати за судиски семинар | 130.000,00 |
| 9. Приходи - разно | 42.000,00 |

Вкупно планиран приход по точка 1,5,6,7,8 и 9: 2.047.711,00 денари

Износот на средствата од точка 2 и 3 ќе бидат утврдени по добивање информација од Агенцијата за млади и спорт на РМ и од Македонскиот олимписки комитет за одобрени средства, за што ќе се потпишат договори со КФМ.

Извршниот одбор за реализација на Програмата за работа во 2018 година, согласно актите на КФМ, ќе обезбеди приходи од спонзорства и други извори во износ кој се јавува како разлика од обезбедените приходи од точка 1,2,3,4,5,6,7,8 и 9, а кое ќе биде утврдено по добивање на информација за одобрени средства од Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија и Македонскиот олимписки комитет.

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ:
============

| | |
|---|---|
| 1. Национална програма | 3.060.000,00 |
| 2. Меѓународна програма | 4.971.225,00 |
| 3. Програма за функционирање на Федерацијата | 764.330,00 |

Вкупно планиран расход по точка 1,2 и 3: 8.795.555,00 денари

Приход-Расход -6.747.844,00 денари